На членовите на Советот на Општина Пехчево им се исплатуваат надоместоците за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација.

**Член 13**

Регресот за годишен одмор за вработените во општинската администрација изнесува 60% од просечна исплатена месечна нето плата по вработен.

**Член 14**

Надоместокот за дневница за службено патување во Република Македонија без трошоците за ноќевање изнесува 500,00 денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

Доколку на вработениот му се обезбедени ноќевање, превоз и храна од организаторот, му следуваат 20% од утврдениот износ во став 1 од овој член.

**Член 15**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на вработениот во општината и локалната јавна установа му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помош, во износ од две последни исплатени плати во органот каде што бил вработен работникот, но не повеќе од 30.000 денари.

На вработениот во општината и локалната јавна установа во случај на смрт на член на потесно семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и деца земени на издржување) доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош во висина на една последна исплатена просечна месечна плата во органот каде што бил вработен работникот, но не повеќе од 15.000 денари.

Живеењето во заедница подразбира вработениот и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со документ за идентификација.

Надоместоците од ставовите 1, 2 и 3 од овој член се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната година.

Сите исплати на предните надоместоци се вршат врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината.

Средствата за овие намени се планираат во Буџетот на општината во програма Д0-Градоначалник подставка 413110 тековни резерви (разновидни расходи).

.

**Член 16**

Надоместокот за отпремнина за пензионирање на вработениот во Општината и локалната јавна установа се исплаќа врз основа на член 9 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за исплата на платите и изнесува двократен износ од просечната исплатена месечна плата во Републиката за соодветниот месец во кој работникот заминува во пензија и се планира во Буџетот на општината.

Средствата за вработениот во општината се планираат во програмата Е0 – Општинска администрација, односно за вработениот во локалната јавна установа во Програма Д0 – Градоначалник на ставка 464 Разни трансфери – 464940 – Трансфери при пензионирање.

**Член 17**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите се извршува со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, со ситуација и други документи почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност на 6.000,00 денари, при што задолжително мора да биде приложена фискална сметка, а расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 18**

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва-во програма А0-Совет на општина), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За средствата утврдени во Буџетот на на општината во рамките на резервите (тековна буџетска резерва) во програма Д0-Градоначалник, одлучува Градоначалникот на општината до износ од 50.000 денари.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 19**

За средствата распоредени во сите програми и потпрограми во Буџетот за 2019 година одлучува Градоначалникот на општина Пехчево во рамки на утврдени износи во Буџетот, освен за трошење на средствата од подставките во програма Совет на општина А0 и тоа:

- тековна резерва, трансфери до здруженија на граѓани и фондации и трансфери до невладини организации,
- трансфери до спортски клубови и
- други трансфери за кои одлучува Советот на општина Пехчево .

**Член 20**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 21**

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на општината. За обезбедените средства Градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Министерство за информатичко општество и администрација на актите за систематизација.

**Член 22**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 23**

Буџетот на Општина Пехчево се извршува од 01.01.2019 до 31.12.2019 година.

**Член 24**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево, а ќе се применува од 01 Јануари 2019 година.

Бр.08-1632/1 Совет на општина Пехчево
24.12.2018 година Претседател
Пехчево Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за утврдување вредност на бодот за платите на државните службеници за 2019 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за утврдување вредност на бодот за платите на државните службеници за 2019 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на петнаесетата седница одржана на ден 24.12.2018 година.

Бр. 09-1652/5
24.12.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02) член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), Советот на општина Пехчево, на седницата одржана на 24.12.2018 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2019 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2019 година изнесува 76,8 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2019 година.

Бр.08-1633/1
24.12.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2019 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2019 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на петнаесетата седница одржана на ден 24.12.2018 година.

Бр. 09-1652/6
24.12.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 20 од Законот за платен промет (Службен весник на РМ 113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15, член 36 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. Бр 5/02) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), Советот на општина Пехчево на седница одржана на 24.12.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2019 година**

**Член 1**

Благајничкиот максимум за 2019 година се утврдува во износ од 50.000,00 илјади денари.

**Член 2**

Остварениот прилив на парични средства во благајната од дневен пазар и по други основи ќе се уплатува на трезорска сметка истиот ден или најдоцна наредниот работен ден.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1634/1
24.12.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за усвојување на Буџетскиот календар на општина Пехчево за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на Буџетскиот календар на општина Пехчево за 2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на петнаесетата седница одржана на ден 24.12.2018 година.

Бр. 09-1652/7
24.12.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 27 став 3 точка 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл. Весник на Р.М. број 61/04) и член 30 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево, бр.06/16), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 24.12.2018 година, донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**за подготовка и донесување на Буџетот на општина Пехчево за 2020 година**

| Mo`en datum | B u x e t s k i   a k t i v n o s t i | Odgovornost |
|---|---|---|
| Dekemvri 2018-Mart-2018 | Sovetot na op{tinata donesuva Buxetski kalendar | Sovet na op{tina Peh~evo |
| Septemvri 2019 | Se dostavuvaat formulari (obrasci) za izgotvuvawe na mese~ni, kvartalni i godi{ni planovi do edinkite korisnici | Gradona~alnik Oddelenie za finansiski pra{awa |
| 1-30/09/19 | Ministerot za finansii dostavuva Bu-xetski cirkular vo koj se sodr`ani glavnite nasoki za izgotvuvawe na Pred-log-buxetite za narednata godina i visi-nata na dotaciite na Buxetot na RM, koj im go dostavuva na op{tinata | Ministerstvo za finansii ~len 21 od Zakonot na Buxetite („Sl. Vesnik na RM“ br.64/04); ~len 27 st.1 i 2 od Zakonot za finansirawe na ELS („Sl. vesnik na RM“ br.61/04) |
| 05/10/2019 | Gradona~alnikot i Oddelenieto za finansiski pra{awa sostanuvaat za da gi odredat prioritetite i odredbite na buxetot za narednata godina | Gradona~alnikot, Oddelenie za finansiski pra{awa |
| 10/10/2019 | Buxetskite informacii se dostavuvaat do drugite oddelenija na op{tinata i do site op{tinski edinki -korisnici | Oddelenie za finansiski pra{awa |

| | | |
|---|---|---|
| 25/10/2019 | Procenkata na tro{ocite i izgotvenite programski aktivnosti za narednata buxetska godina se vra}aat vo Oddelenieto za finansiski pra{awa od ostanatite oddelenija i od op{tinskite buxetski korisnici | Odgovorni lica<br>Buxetski korisnici |
| 30/10/2019 | a. Se sobiraat buxetskite barawa<br>b. Barawata se analizirat i usogla-suvaat<br>v. Se izgotvuva bilansot na prihodi<br>g. Se izgotvuva bilansot na rashodi | Oddelenie za finansiski pra{awa |
| Noemvri 2019 | Gradona~alnikot gi razgleduva i odobruva predlo`enite predlog-buxetski presmetki i go odobruva Predlog-Buxetot podgotven od Oddelenieto za finansiski pra{awa. | Gradona~alnik |
| Noemvri / Dekemvri 2019 | a. Predlog-Buxetot se dostavuva do Sovetot na op{tinata<br>b. Se odobruva sodr`inata na Predlog-Buxetot i se dava na dostapnost na javnosta | Gradona~alnik |
| Dekemvri 2019 | Do Sovetot se dostavuva kone~en Predlog - Buxet od strana na Gradona~alnikot | Gradona~alnik |
| Dekemvri 2019 | Se vodi rasprava vo telata na Sovetot na op{tinata | Komisija za finansirawe Buxet i LER |
| Dekemvri 2019 | 1.Sednica na Sovetot na op{tinata za donesuvawe na Buxetot za narednata god.<br>2.Dokolku Sovetot ne go usvoi Predlog-Buxetot se donesuva Odluka za vremeno finansirawe soglasno ~len 28 st.2 od Zakonot za finansirawe na ELS („Sl. vesnik na RM“ br.61/04) | Sovet na op{tina<br>Peh~evo |
| 1 Januari 2020 | Zapo~nuva nova Buxetska godina | Gradona~alnik<br>Oddelenie za finasiski pra{awa . |

Буџетскиот календар влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1635/1
24.12.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за усвојување на програма за работа на советот на општина Пехчево за 2019 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на програма за работа на советот на општина Пехчево за 2019 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на петнаесетата седница одржана на ден 24.12.2018 година.

Бр. 09-1652/8 | Градоначалник на
24.12.2018 год. | Општина Пехчево
Пехчево | Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 30 став 1 точка 3 од Статутот на општина Пехчево (Сл. Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 24.12.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на програма за работа на советот на општина Пехчево за 2019 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува програмата за работа на советот за 2019 година.

**Член 2**

Програмата за работа на советот на општина Пехчево за 2019 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1636/1 | Совет на општина Пехчево
24.12.2018 година | Претседател
Пехчево | Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Р.Македонија бр 5/2002), член 30 став 1 точка 3 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016) и член 130 од Деловникот за работа на советот на општина Пехчево, Советот на општина Пехчево на седницата, одржана на 24.12.2018 година, донесе:

# ПРОГРАМА
## за работа на Советот на општина Пехчево за 2019 година

I. ОПШТ ДЕЛ

Според надлежностите што се определени со Уставот на Република Македонија, Законот за локалната самоуправа, Стаутот и Деловникот за работа на Советот на општина Пехчево, Советот донесува Програма за работа за 2019 година.

Во Програмата се обележани основните рамки и насоки за работа на Советот во календарската 2019 година согласно со надлежностите кои се во ингеренции на Советот. Програмата овозможува транспарентност во работата на Општината и е отворена за постојано проширување и дополнување согласно со укажувања на заинтересирани субјекти и поединци од општината.

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ

Прво тримесечие - период ЈАНУАРИ - МАРТ 2019 година

**1. Завршна сметка на општина Пехчево за 2018 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансирање и буџет
Донесува: Совет на општина Пехчево

**2. Донесување на програма за работа на Советот на општина Пехчево за 2019 година**
Изработува: Комисија за изготвување на програма за работа на советот на општина Пехчево
Донесува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Совет на општина Пехчево

**3. Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во општина Пехчево за 2019 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР
Разгледува: Комисија за урбанизам и комунални дејности.
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Општина Пехчево

**4. Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2019 година**
Изработува: Одделение за инспекциски работи - Инспекторат
Донесува: Совет на општина Пехчево
Реализира: општина Пехчево

**5. Завршна сметка на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2018 година**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево

Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**6. Извештај за работењето на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2018 година**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за урбанизам комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**7. Финансиски план за работа на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2019 година**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира ЈКП Комуналец - Пехчево

**8. Годишен план за јавни набавки за 2019 година на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира ЈКП Комуналец - Пехчево

**9. Завршна сметка на ЈПУД „Равен„ - Пехчево за 2018 година**
Изготвува: ЈПУД Равен - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**10. Извештај за работењето на ЈПУД „Равен„ - Пехчево за 2018 година**
Изготвува: ЈПУД Равен - Пехчево
Разгледува: Комисија за урбанизам комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**11. Финансиски план за работа на ЈПУД „Равен„ - Пехчево за 2019 година**
Изготвува: ЈПУД Равен - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува; Совет на општина Пехчево
Реализира ЈПУД Равен - Пехчево

**12. Усвојување на програма за одржување на јавно зеленило во општина Пехчево за 2019 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности заштита на животна средина и ЛЕР
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Совет на општина Пехчево

**13. Усвојување на програма за изработка на Урбанистички планови во општина Пехчево за 2019 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево

Реализира: Совет на општина Пехчево

**14. Програма за работа на одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР за 2019 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и животна средина
Усвојува:  Совет на општина Пехчево
Реализира: Совет на општина Пехчево

**15. Усвојување на завршна сметка на матична библиотека „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2018 година**
Изготвува: Стручна служба при матична библиотека ,,Кочо Рацин,, -   Пехчево
Разгледува Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**16. Усвојување на завршна сметка на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2018 година**
Изработува: Стручна служба при ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**17. Усвојување на завршна сметка на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2018 година**
Изготвува: Стручна служба при Дом на културата Јане Сандански Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува:Совет на општина Пехчево

**18. Усвојување на завршна сметка на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2018 година**
Изготвува: Стручна служба при ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево
Разгледува Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**19. Усвојување на полугодишниот извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2018/2019 година**
Изготвува: Стручна служба при ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево
Разгледува Совет на општина Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**20. Програма за одбележување на значајни празници и настани за 2019 година**
Изготвува: Комисија за одбележување на значајни празници и настани.
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: општина Пехчево

**21. Програма за изработка на Урбанистички планови на територијата на општина Пехчево за 2019 година**
Изработува: одделение за урбанизам, комунални дејности заштита на животна средина и ЛЕР
Донесува: Совет на општина Пехчево

**Квартал Април - Јуни 2019 година**

**1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Пехчево за период Јануари - Март 2019 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**2. Измена и дополнување на Буџетот на општина Пехчево (Ребаланс на Буџет) за 2019 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**3. Извештај за зимското одржување на улиците во општина Пехчево за 2018-2019 година**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
Реализира: ЈКП Комуналец - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**4. Информација за здравствената исправност на водата за пиење во општинскиот водовод - Пехчево и чешмите во излетничките места во општина Пехчево за 2019 година**
Изготвува: ЈКП „Комуналец„ - Пехчево во соработка со ЈЗО - ЗЗЗ Кочани
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**5. Извештај за работењето на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за периодот 2018 - 2019 година**
Изготвува: ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**6. Извештај за работењето на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за периодот 2018 - 2019 година**
Изготвува: ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**7. Информација за состојбата со градските гробишта во општина Пехчево за 2019 година**
Изготвува: ЈКП „Комуналец„ - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**8. Информација за состојбата со спортската сала Јане Сандански, спортски терении и објекти во општина Пехчево, за 2019 година**
Изготвува: ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**9. Донесување, изменување и дополнување на урбанистичките планови во општина Пехчево во текот на 2019 год. Реализацијата ќе биде во текот на целата година согласно постапките за нивно донесување;**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални рабти и животна средина и ЛЕР
Усвојува: Совет на општина Пехчево
**10. Изработка на стратегија за еднакви можности на жени и мажи за општина Пехчево;**
Изготвува: Комисија за еднакви можности на жените и мажите
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**Квартал Јули - Септември 2019 година**

**1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Пехчево за период Април - Јуни 2019 година;**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**2. Годишна програма за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2019/2020 год**
Изготвува: ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**3. Годишна програма за работа на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2019/2020 година**
Изготвува: ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**4. Извештај за реализација на средствата приберени по основ на комунална такса за јавно осветлување на општина Пехчево за периодот Јануари - Јуни 2019 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**5. Годишен извештај за Јавната безбеденост на подрачјето на општина Пехчево за 2019 година**
Изготвува: ПС - Берово, Полициско одделение Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**6. Информација за наплата на комуналните такси во 2019 год.**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**7. Информација за состојбата со депонијата на територијата на општина Пехчево и предлог мерки за заштита**
Изготвува: Инспектор за комунални работи и заштита на животна средина во соработка со ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**8. Програма за одбележување на „7-ми Септември„ ден на ослободување на Пехчево за 2019 година**
Изготвува: Комисија за одбележување на значајни настани
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**Квартал Октомври - Декември 2019 година**

**1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Пехчево за периодот Јули - Септември 2019 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**2. Ребаланс на Буџетот на општина Пехчево за 2019 година**
Изготвува: Одделение финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**3. Предлог - Буџет на општина Пехчево за 2020 година**
Изготвува : Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**4. Програма за одржување на улиците во зимски услови во општина Пехчево за 2019/2020 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево

## III. НОРМАТИВЕН ДЕЛ

Со овој дел од Програмата за работа на Советот на општина Пехчево се обработува нормативната дејност на Советот што треба да се извршува во текот на 2019 година. Советот ќе донесува нормативни акти за усогласување на постојните прописи во изминатиот период, како и нормативни акти што треба да се донесат од страна на Советот врз основа на прописите, што ќе бидат донесени во текот на 2019 година.

## IV. ЗАВРШЕН ДЕЛ

За извршување на Програмата за работа на Советот на општина Пехчево се задолжуваат предлагачите и изготвувачите да се придржуваат на роковите утврдени со програмата. Во текот на 2019 година Советот на општината ќе ги разгледа и сите тековни прашања што спаѓаат во негова надлежност согласно член 36 од Законот за Локална самоуправа. Извршувањето на Програмата на Советот на општина Пехчево ќе зависи од законските и пред се од финансиските предуслови на општината и на другите субјекти со кои се поврзани зацртаните активности од истата.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлуката за давање на приоритет за реализација на проект Изградба на дел од Ул. Бр. "1" во индустриска зона ГРОЗИЛ Пехчево, општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за давање на приоритет за реализација на проект Изградба на дел од Ул. Бр. "1" во индустриска зона ГРОЗИЛ Пехчево, општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на петнаесетата седница одржана на ден 24.12.2018 година.

Бр. 09-1652/9 Градоначалник на
24.12.2018 год. Општина Пехчево
Пехчево Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Република Македонија бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 24.12.2018 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за давање на приоритет за реализација на проект Изградба на дел од Ул. Бр. "1" во индустриска зона ГРОЗИЛ Пехчево, општина Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево дава приоритет за реализација на проектот **Изградба на дел од Ул. Бр. "1" во индустриска зона ГРОЗИЛ Пехчево, општина Пехчево** согласно на ЈАВЕН ПОВИК БР. 08/2018 за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој.

**Член 2**

Советот на општина Пехчево го поддржува проектот **Изградба на дел од Ул. Бр. "1" во индустриска зона ГРОЗИЛ Пехчево, општина Пехчево** за имплементација во рамки на **Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година,**

- **Мерка 123:** Инвестиции за преработка и маркетинг за земјоделски производи

- **Подмерка 123.3:** Инвестиции во пазарна инфраструктура за постбербени активности

**Член 3**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1637/1
24.12.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлуката за ко-финансирање од страна на општина Пехчево во имплементација на проектот Изградба на дел од Ул. Бр. "1" во индустриска зона ГРОЗИЛ Пехчево, општина Пехчево, во рамки на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година од страна на АФПЗРР**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за ко-финансирање од страна на општина Пехчево во имплементација на проектот Изградба на дел од Ул. Бр. "1" во индустриска зона ГРОЗИЛ Пехчево, општина Пехчево, во рамки на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година од страна на АФПЗРР, што советот на општина Пехчево ја донесе на петнаесетата седница одржана на ден 24.12.2018 година.

Бр. 09-1652/10 — Градоначалник на
24.12.2018 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Република Македонија бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 24.12.2018 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за ко-финансирање од страна на општина Пехчево во имплементација на проектот Изградба на дел од Ул. Бр. "1" во индустриска зона ГРОЗИЛ Пехчево, општина Пехчево, во рамки на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година од страна на АФПЗРР**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на општина Пехчево да учествува во кофинсирањето на проектот **Изградба на дел од Ул. Бр. "1" во индустриска зона ГРОЗИЛ Пехчево, општина Пехчево,** во висина од макасимум **780,564.00 денари** од вкупната вредност на проектот.

**Член 2**

Средствата потребни за кофинансирање на проектот ќе се обезбедат од Буџетот на општина Пехчево за 2019 година, Програма ЈД - Изградба и реконструкција на локални улици и патишта.

**Член 3**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1638/1
24.12.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлуката за давање на согласност од советот на општина Пехчево за намената на инвестицијата во рамки на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година од страна на АФПЗРР**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за давање на согласност од Советот на општина Пехчево за намената на инвестицијата во рамки на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година од страна на АФПЗРР, што советот на општина Пехчево ја донесе на петнаесетата седница одржана на ден 24.12.2018 година.

Бр. 09-1652/11 Градоначалник на
24.12.2018 год. Општина Пехчево
Пехчево Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Република Македонија бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Советот на Општина Пехчево на седницата одржана на 24.12.2018 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за давање на согласност од советот на општина Пехчево за намената на инвестицијата во рамки на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година од страна на АФПЗРР**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на општина Пехчево дава Согласност за намената на инвестицијата за реализација на проектот "Изградба на дел од Ул. Бр. 1 во индустриска зона ГРОЗИЛ Пехчево, општина Пехчево" кој ќе се имплементира согласно на Јавниот повик Бр. 08/2018 за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година објавен од страна на АФПЗРР на Република Македонија.

**Член 2**

Советот на општина Пехчево е согласен општина Пехчево да инвестира сопствени средства за комплетирање на финансиската конструкција за имплементација на проектот "Изградба на дел од Ул. Бр. 1 во индустриска зона ГРОЗИЛ Пехчево, општина Пехчево" во контекст на подобрување на квалитетот на живот на граѓаните на општина Пехчево, изградба на патната инфраструктура односно инвестиции во пазарната инфраструктура за постбербени активности и оттаму се задолжува Градоначалникот на општина Пехчево преку општинската администрација да ја комплетира постапката за добивање на средства во рамки на Објавениот повик за 2018 год од страна на АФПЗРР.

**Член 3**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1639/1<br>
24.12.2018 година<br>
Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>
Претседател<br>
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за давање на приоритет за реализација на проект "Подобрување на квалитетот на јавните услуги во општина Пехчево со набавка на комунална механизација за потребите на ЈКП „Комуналец„ Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за давање на приоритет за реализација на проект "Подобрување на квалитетот на јавните услуги во општина Пехчево со набавка на комунална механизација за потребите на ЈКП „Комуналец„ Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на петнаесетата седница одржана на ден 24.12.2018 година.

Бр. 09-1652/12
24.12.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Република Македонија бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Советот на Општина Пехчево на седницата одржана на 24.12.2018 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање на приоритет за реализација на проект "Подобрување на квалитетот на јавните услуги во општина Пехчево со набавка на комунална механизација за потребите на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево дава приоритет за реализација на проектот **"Подобрување на квалитетот на јавните услуги во општина Пехчево со набавка на комунална механизација за потребите на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево** кој се имплементира во рамки на Програмата за развој на Обединетите нации преку проектот "Унапредување на општинското владеење" финансиран од ЕУ.

**Член 2**

Советот на општина Пехчево го поддржува проектот **"Подобрување на квалитетот на јавните услуги во општина Пехчево со набавка на комунална механизација за потребите на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево** за имплементација во рамки на проектот "Унапредување на општинското владеење" односно:

- **поддршка на општина Пехчево која се соочува со сериозни предизвици во развојот преку механизмот на подготовка на План за интегриран инклузивен развој на општина Пехчево и поддршка во спроведувањето на детектираните приоритети за развој односно набавка на комунална механизација за потребите на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

**Член 3**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1640/1<br>24.12.2018 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлуката за доделување на комунална механизација набавена преку проект на UNDP „Унапредување на општинското владеење„ на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за доделување на комунална механизација набавена преку проект на UNDP „Унапредување на општинското владеење„ на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на петнаесетата седница одржана на ден 24.12.2018 година.

Бр. 09-1652/13 | Градоначалник на
24.12.2018 год. | Општина Пехчево
Пехчево | Драган Тренчовски с.р

Бр. 09-1652/13<br>24.12.2018 год.<br>Пехчево

Градоначалник на<br>Општина Пехчево<br>Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Република Македонија бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 24.12.2018 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за доделување на комунална механизација набавена преку проекот на УНДП "Унапредување на општинското владеење"на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја доделува на трајно користење комуналната механизација набавена во рамки на проектот **"Подобрување на квалитетот на јавните услуги во општина Пехчево со набавка на комунална механизација за потребите на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево** кој се имплементира во рамки на Програмата за развој на Обединетите нации преку проектот "Унапредување на општинското владеење" финансиран од ЕУ.

**Член 2**

Советот на општина Пехчево го поддржува проектот "**Подобрување на квалитетот на јавните услуги во општина Пехчево со набавка на комунална механизација за потребите на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево** за имплементација во рамки на проектот "Унапредување на општинското владеење" односно:

- **поддршка на општина Пехчево која се соочува со сериозни предизвици во развојот преку механизмот на подготовка на План за интегриран инклузивен развој на општина Пехчево и поддршка во спроведувањето на детектираните приоритети за развој односно набавка на комунална механизација за потребите на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

**Член 3**

Со цел уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу општина Пехчево и ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за правилно и наменско користење на доделената комунална механизација а во врска со доделувањето на движни ствари (комунална механизација) на трајно користење, за период над 10 години без надомест на комуналното претпријатие, општина Пехчево ќе подготви и склучи Договор со ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за регулирање на правата и обврските за движните ствари (комунална механизација) кои се даваат на времено или трајно користење.

**Член 4**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1641/1
24.12.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за усвојување на развоен план на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2019-2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на развоен план на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2019-2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на петнаесетата седница одржана на ден 24.12.2018 година.

Бр. 09-1652/14 | Градоначалник на
24.12.2018 год. | Општина Пехчево
Пехчево | Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 24.12.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на развоен план на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2019-2022 година**

**Член 1**

Со оваа одлука советот на општина Пехчево го усвојува развојниот план на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2019-2022 година.

**Член 2**

Развојниот план на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2019-2022 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1642/1 | Совет на општина Пехчево
24.12.2018 година | Претседател
Пехчево | Николчо Јовчев с.р

---

СОДРЖИНА

1. Лична карта на установата....................................................................
2. Анализа на состојба..............................................................................
3. Ресурси на установата..........................................................................
   3.1. Внатрешни ресурси........................................................................
   3.2. Надворешни ресурси......................................................................
4. Мисија.........................................................................................................
5. Визија.........................................................................................................
6. Потреба и приоритети..........................................................................
7. Области во кои е предвидена промена и развојни цели.........................
8. Членови на стручниот совет за развојно планирање..........................

1. **ЛИЧНА КАРТА НА УСТАНОВАТА**

**ИСТОРИЈАТ**-Организацијата за згрижување и воспитание на деца започна со работа во1977 година, основана како Работна Организација чија главна цел било згрижување на деца од предучилишна возраст.
За организирање на воспитанието и образованието на децата од предучилишна возраст и за остварување на општите цели на воспитанието и образованието од 01.01.1982 год. од страна на Општинската Самоуправна Интересна Заедница (ОСИЗ) - Берово, организацијата е основана како Комбинирана Детска Установа "7 Септември"- Пехчево. Потоа добива нов назив Општинска Јавна Установа за деца Детска градинка "7 Септември", или кратенка ОЈУДГ "7 Септември", бидејќи на 25.01.2006 год. го променува основачот , а тоа е Општина Пехчево.

**МЕСТОПОЛОЖБА** - Својата дејност ОЈУДГ "7 Септември" до денес ја остварува на улица Даме Груев, број 3 во еден објект, но и во други просторни улови во населените места Робово, Чифлик, Панчарево и Црник.

Телефон 033/441-331
Фах 033/441-331
www.detskagradinkapehcevo@yahoo.com







## *ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА КАДАРОТ СПОРЕД РАБОТНОТО МЕСТО И СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ*

**КВАДРАТУРА-**

Објектот е наменски изграден и е со вкупна површина 2389 m², а со капацитет од 93 деца. Дворната површина е озеленета и хортикултурно уредена, со цветни алеи и патеки, како и слободен простор за игра на децата, богат со детска опрема и играчки (лулашки, клацкалки).

**ДОСЕГАШНИ ПОСТИГНУВАЊА**

Објектот со текот на времето се реновира, добива печат на современа установа, а бројот на деца рапидно се зголемува од година во година. За жал опаѓањето на наталитетот во Општината влијае врз бројноста на деца, но сепак се зголемува процентот на посетеност на градинка од вкупниот број на родени деца.

| БР | Р. МЕСТО | ВК. | ВСС | ВШСС | ССС | НСС | ВКВ | КВ | ПКВ | НКВ | М | Ж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | РАКОВОДНИ РАБОТНИЦИ | | | | | | | | | | | |
| | ДИРЕКТОР | 1 | * | | | | | | | | | * |
| 2. | СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ И РАБОТНИЦИ | | | | | | | | | | | |
| | МУЗ. ПЕДАГОГ | 1 | * | | | | | | | | * | |
| | СТРУЧЕН СОРАБОТНИК | 1 | * | | | | | | | | | * |
| | ПСИХОЛОГ | 1 | * | | | | | | | | | * |
| 3. | ЗГРИЖУВАЧКИ КАДАР | | | | | | | | | | | |
| | НЕГОВАТЕЛИ | 10 | | | * | | | | | | | * |
| 4. | ВОСПИТЕН КАДАР | | | | | | | | | | | |
| | ВОСПИТУВАЧИ | 8 | * | * | | | | | | | | * |
| 5. | АДМИН. КАДАР | | | | | | | | | | | |
| | ПОМЛАД РЕФЕРЕНТ АДМИНИСТРАТОР | 1 | | | * | | | | | | | * |
| | СМЕТКОВОДИТЕЛ | 1 | | * | | | | | | | | * |
| 6. | ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ | | | | | | | | | | | |
| | МАГАЦИОНЕР | 1 | | | * | | | | | | * | |
| | ГОТВАЧ | 2 | | | * | | | | | | | * |
| | ХАУС-МАЈСТОР | 1 | | | * | | | | | | * | |
| | САДОМИЈАЧ | 1 | | | * | | | | | | | * |
| | ХИГИЕНИЧАР | 2 | | | * | | | | | | | * |
| | ВКУПНО: 31 | | | | | | | | | | | |

**ПРОСЛАВИ И ДРУГИ ЈАВНИ МАНИФЕСТАЦИИ**

- Прв училишен ден- прием, распоред и запознавање,
- Свечено одбележување на патрониот празник на градинката и градот-7 Септември,
- Претстава за Нова година и поделување на пакетчиња од Дедо Мраз,
- Априлијада- маскенбал за денот на шегата Први Април,
- Завршна програма за децата кои заминуваат во училиште - Мини матура,
- Хуманитарни акции од јавен интерес,
- Проектни кампањи и акции и сл.

***ЗАЛОЖБИ НА ГРАДИНКАТА-***

**Р**еализираме воспитно-образовна дејност
**А**ктивности во современи услови
**Б**орба со сите предизвици
**О**рганизираност во сите сегменти
**Т**имска работа
**А**нгажираност на сите нас.

***ГРАДИНКАТА ЦЕЛИ КОН-***

-Поттикнување на детскиот развој.
-Задоволување на интересите,приоритетите и потенцијалите а децата.
-Спроведување  на педагошки цели, вредности и пристапи.
-Реализација на курикулумот.
-Градење на здрави личности во здраво општество.

## ***НАША ПОЛИТИКА***

***Градинката е како личност има свој став, душа и појава...***

***Во нејзе се ценат вредностите кои за сите се битни, создаваме среќна и топла атмосфера, тоа е Вистинското место! За секое дете- идна  личност!***

***“ ДОКОЛКУ СЕ ИНВЕСТИРА ВО РАНИОТ ДЕТСКИ РАЗВОЈ ОД РАЃАЊЕ ПА СЕ ДО ПЕТ ГОДИНИ, МОЖЕ МНОГУ ДА СЕ ПОСТИГНЕ. ТОА Е РЕШЕНИЕ ЗА ПОДОБРО ОБРАЗОВАНИЕ И ПОДОБРИ РЕЗУЛТАТИ ВО ЗДРВСТВОТО, ПОМАЛКУ КРИМИНАЛ И ГЛАД И ПОГОЛЕМ ЕКОНОМСКИ ПРОСПЕРИТЕТ.“***

***Џемс Хекман- професор на универзитет во Чикаго***

# АНАЛИЗА НА СОСТОЈБА

| Анализа на подрачје 1- ПРОГРАМИ И ПЛАНОВИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Теми** |
| - Структура | - Примена на Програмата и Плановите |
| | - Информираност на родителите |
| - Содржина | - Приспособување на Програмите и Плановите според потребите и интересите на децата |
| | - Реализација на програми ,соработка со пошитоката општествена сренидина и јавни манифестации |

| **Констатирани силни страни** | **Констатирани слаби страни** |
|---|---|
| -Воспитно-образовната работа се реализира врз основа на Програмата за РДР и стандардите за РДР донесени од страна на МТСП и УНИЦЕФ, а изработени од страна на Бирото за развој на образованието. | - Реализиранње на дел од програмата во природа и други просторни услови (сала, кино, библиотеки) |
| - Реализирањето на Програмата и Планот се врши според потребите и интересите на децата и родителите.<br>-Факултативна програма учење на Англиски јазик на деца од 5-6 години. | - Во планирањето на воспитно-образовната работа (активности) вклученоста на родителите е многу мала. |
| -Реализација на проекти и упатства дадени од МТСП. | |

| | |
|---|---|
| **Препораки за надминување на воочени слаби страни:** | - Организирање на почести информативни средби со родителите .<br>- Истакнување на секојденевните активности по групи на видно место за информирање на родителите за тековните активности.<br>-Настојување на реализација на воспитно-образовните активности надвор од установата. |

| Анализа на подрачје 2- ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Теми** |
| -Безбедност и сигурност на децата во установата | - Индивидуална подршка |
| | - Индивидуални планови за поддршка на децата во раното учење и развој |
| - Следење на физичката, здравствената и емоционалната состојба на децата | - Личен и социјален развој |

| **Констатирани силни страни** | **Констатирани слаби страни** |
|---|---|
| -Имаме изработено протокол за постапување во ситуација на насилство. | - Постои недостаток на одредени стручни лица (логопед, дефектолог, медицинско лице, професор по физичко, социолог, социјален работник) во подршка на децата во процесот на раното учење и развој. |
| -Опременоста во системот за безбедност и сигурност ги исполнува обврските и должностите во установата (располага со приручна аптека за прва помош) | - Во установата недостасува нагледни средства опрема, техника во склоп на современите трендови на воспитно-образовната работа. |
| -Установата остварува и разработува индивидуален план за подршка на децата кои имаат потешкотии во раното учење (децата со недостаток, попреченост и посебни потреби). | -Не се изведува симулација по Правилникот за заштита и спасување од елементарни непогоди. |
| - Установата негува и поттикнува позитивна социјална клима кај децата. | |
| - Установата има полиси на осигурување на имотот, децата и вработените | |
| -Установата води грижа за квалитетот на храната која им е достапна на децата и промовира конзумирање на здрава храна | |

| | |
|---|---|
| **Препораки за надминување на воочени слаби страни:** | - Иницирање на соработка со стручни лица во процесот на реализација на воспитно-образовната работа во установата.<br>- Остварување на средби за соработка со стручни институции и кадри и набавка на стручна опрема и литература.<br>-Иницирање на соработка со Центарот за кризи за изведување на симулација во случај не елементарна непогода. |

| **Анализа на подрачје 4- ПОДРШКА НА ДЕЦАТА И СЕМЕЈСТВОТО** | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Теми** |
| -Напредување на децата, стручна помош на воспитувачите и поттикнување на позитивни ставови | - Индивидуални планови за подршка на децата во раното учење и развој |
| | - Напредување на децата на кои им е потребна помош |
| | - Комуникација со родителите |
| | - Вклучување на родителите во работата на установата |

| **Констатирани силни страни** | **Констатирани слаби страни** |
|---|---|
| - Установата остварува и разработува индивидуални планови за подршка на децата кои имаат потешкотии во раното учење и децата со попреченост | -Во установата недостасува дополнителна стручна помош од стручни лица кај децата со попреченост (логопед и дефектолог). |
| -Во моментот поголем дел од децата на ниво на општина ја посетуваат детската градинка. | Имаме пад на наталитет и намален број на деца кои се раѓаат на ниво на цела општина. |
| - Поголем број на вработени имаат еднаков и правичен третман кон децата од различна полова, етничка припадност и социјално потекло | |
| -Напредувањето на детето се следи системски и врз основа на тоа континуирано се вклучуваат во активностите и секое напредување на детето се пофалува и наградува. | -Родителите се информираат за работата со детето најчесто по потреба, а не потполно. |
| -Родителите се благовремено и систематично информирани за работењето со нивните деца во установата. | -Мал дел од родителите се информираат за работата со детето најчесто по потреба, а не потполно. |
| -Родителите се вклучени во повеќе активности на установата, работилници, акции, прослави, екскурзии. | |
| -Во работата на установата има развиено соработка со родителите преку Совет на родители. | |
| **Препораки за надминување на воочени слаби страни:** | - Ангажирање на стручни лица за подршка на децата со попреченост.<br>-Организиранње на групни и индивидуални средби со родителите со цел подобра информираност.<br>- Почесто да се реализираат едукативни предавања на вработените за воспитниот процес и почесто вклучување на родителите во воспитно-образовниот преоцес.<br>- Интензивирање на соработката со Советот на родители и нивно поактивно вклучување во настани од интерес на установата. |

| Анализа на подрачје 5- ЕТОС (КЛИМА И КУЛТУРА) | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Теми** |
| -Култура на однесување | - Атмосфера и меѓучовечки односи |
| | - Углед и промоција на установата за деца |
| | - Прифаќање и промовирање на мултикултурализамот во установата |
| -Комуникација со родителите | - Соработка со родителите и локалната заедница |

| **Констатирани силни страни** | **Констатирани слаби страни** |
|---|---|
| - Утановата работи на остварувањето на мисијата и визијата предвидени во годишната програма за работа. | - Одредени правила и принципи во кодексот на однесување не се применуваат и не се прифаќаат од страна на сите учесници во процесот. |
| -Установата има подготвено куќен ред и кодекс на однесување на вработените и родителите, со кои се поставени принципите и правилата на однесувањето. | -Недостаток од техничка култура кај вработените |
| -Во установата се почитува слободата на изразување и се развива критичкото мислење. | -Во установата декларативно се промовира еднаквоста и правичноста, но во праксата се покажува присуство на субјективност во однос на определени деца. |
| -Вработените во установата се однесуваат со децата, родителите и колегите рамноправно и без предрасуди по однос на нивниот социјален статус, верски, национален, пол и др.. | -Воспитниот кадар не остварува соработка со родителите преку активно вклучување во воспитно-образовниот процес. |
| -Во установата се реализира проект наменет за деца од различна етничка припадност. | -Организирање на едукативни предавања на воспитниот кадар согласно стандардите на рано учење. |
| -Установата ги поттикнува и охрабрува родителите да учествуваат во работата на установата преку работилници, трибини, акции и прослави. | Унапредување на меѓучовечките односи во установата. |
| -Установата има развиена соработка со локалната заедница во спроведување на заеднички проекти и организирање на учество на настани од интерес на заедницата. | |
| -Промоцијата на установата се врши преку различни манифестации и прослави од интерен и од јавен карактер. | |

| | |
|---|---|
| **Препораки за надминување на воочени слаби страни:** | - Да се применуваат почести контроли и опомени за почитување на правилата и принципите.<br>- Подигање на свеста на вработените за техничката култура преку едукативни предавања и други форми на едукација.<br>- Јавно да се истакнат делови од законот за заштита на децата.<br>- Подршка за интензивирање на активности за остварување на соработка со родителите преку вклучување на родителите во воспитно-образовниот процес.<br>-Спроведување на разговори и укажување на добрите страни на работата со отстранување на негативните. |

| **Анализа на подрачје 6- РЕСУРСИ (МАТЕРИЈАЛНИ, ФИНАНСИСКИ, ЧОВЕЧКИ)** | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Теми** |
| -Човечки ресурси | - Обезбедување на потребен кадар- вработени |
| | - Професионален развој на вработените |
| -Материјални ресурси | - Простор и опрема на установата |
| | - Дидактички средства и материјали |
| | - Искористеност на расположливите материјални средства и просторните капацитети |
| -Финансиски ресурси | - Структура и намена на финансиските средства |
| | - Користење на расположливите финансиски ресурси |
| -Средства од локалната заедница | - Користење на расположливите средства од локалната заедница |
| **Констатирани силни страни** | **Констатирани слаби страни** |

| | |
|---|---|
| - Вработените во установата имаат соодветно ниво и вид на образование пропишани со закон за заштита на децата. | - Недостаток на одредени стручни лица за реализација на работата (медицинска сестра, социјален работник, дефектолог, логопед и сл.). |
| -Најголем број од воспитно-образовниот кадар се вклучени во реализација на проекти за подобрување на квалитетот на воспитно-образовните активности. | -Најчесто воспитувачите не се подеднакво вклучени во професионалното надградување и усовршување (поради немање на финансиски средства и недоволна заинтересираност). |
| -Поголем дел од вработените се вклучени во различни форми на професионален развој. | -Постои недостаток од помошни простории за работа (трпезарија, кабинет по музичко, соба за прием на родители, сала за физичко и др.). |
| -Установата максимално ги користи расположливите просторни капацитети за реализирањето на воспитно-образовниот процес. | -Уредување на надворешниот простор-дворот. |
| -Установата го користи надворешниот простор за игровни активности за децата. | -Дел од мебелот во установата е за обновување. |
| -Сите материјални и технички ресурси се на располагање на вработените и децата и се во функција на воспитните активности. | -Набавка на електронски апарати(тв.двд, компјутери) |
| -Во установата има различни извори на финансирање (буџет, донации и проект учества) | -Недостатоци на простории за стручни лица. |
| -Постапките за финансико работење што се спроведуваат во установата се во согласност со законските норми. | -Фискултурна сала и трпезарија. |
| -Трошењето на финансиските средтсва е за подобрувањето на квалитетот на работата на установата и развојот на установата во целина. | Набавка на автомобил за превоз на храна. |
| -Се остваруваат проекти и иницијативи за соработка со локалната заеница кои придонесуваат за развојот на установата. | - Соработка со невладиниот сектор. |
| **Препораки за надминување на воочени слаби страни:** | - Да се вложат напори за обезбедување на стручни лица за реализација на воспитно-образовниот процес.<br>- Да се направи план и распоред за вработените со цел за нивно подеднакво вклучување во следењето на обуки, семинари (професионално надградување и усовршување).<br>- Да се вложат напори за изградба на помошните простории кои се неопходни за реализација на воспитно-образовниот процес.<br>- Интензивирање на соработката со |

| | |
|---|---|
| | невладиниот сектор во заеднички проекти за подобрување на условите и уредување на надворешниот простор.<br>- Меѓународна соработка<br>- Да се изнајдат начини за навремено обезбедување на технички помагала (донации, акција и др.). |

| **Анализа на подрачје 7- РАКОВОДЕЊЕ, ОРГАНИЗАЦИЈА И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ** | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Теми** |
| -Раководење | - Професионална способност на директорот |
| | - Способност за раководење |
| -Организација на работата на установата | - Поделба на обврски и должности на вработените |
| | - Организација и координација на работата |
| -Обезбедување на квалитет | - Самоевалуација-самовреднување на работата |
| | - Ефикасност и ефективност на установата |

| **Констатирани силни страни** | **Констатирани слаби страни** |
|---|---|
| - Директорот во установата редовно се усовршува во областа на организација и лидерство се во интерес за угледот на институцијата. | -Поделбата на обврските и должностите не се секогаш прецизни и не се секогаш запознаени со начинот на остварување(поради недостаток на човечки ресурси). |
| -Раководниот орган развива доверба, мотивира и организира тимска работа и е подготвен да превземе одговорност кога мора да донесе одлука, развива одговорност и самокритика и бара исполнување на обврските. | -Поделбата на обврските и должностите не се секогаш прецизни и не секогаш се запознаени со начинот на нивното остварување и подобрување (поради недостаток на човечки ресурси- соодветен персонал). |
| -Раководниот орган создава добра клима помеѓу вработените, децата, родителите, со нагласено почитување на личноста на секој учесник во воспитно-образовниот процес и развивање на позитивни ставови кај вработените. | |

| | |
|---|---|
| -Обврските и должностите се даваат во согласност со законот за заштита на децата и законот за работни односи и колективни договори врз основа на знаење, вештини и способности. | |
| -Во установата постои добра координација на професионалните тела, сите се запознаени со планот да ги користат ресурсите кои им се на располагање со цел за ефективност во работата. | |
| - Самовреднувањето односно квалитетот на установата редовно се документира (со слики, видео-снимки). | -Во процесот на самовреднување се вклучени само дел од вработените и квалитетот на работата на установата се оценува повремено. |
| -Акциониот развоен план и годишната програма се насочени кон отстранување на постојните слабости и преземање на активности за подобрување на работата на установата. | -Во установата се инсистира во почитување на роковите, но не и на систематско следење и анализа на резултатите. |
| -Во установата се поттикнува ефикасноста и ефективноста на секој вработен со поставување на прецизни рокови. | -Ефикасноста и ефективноста на работата се следи но не редовно и не се оценува. Немаме формален критериум за доделување на награди на вработените за остварените резултати. |
| **Препораки за надминување на воочени слаби страни:** | - Раководниот орган да практикува вклучување на Советот на родители во работата на установата.<br>-Обврските и должностите на сите вработени да се прецизираат и да се тежнее кон добивање на потребни ресурси за остварување и подобрување на работата.<br>-Активно и рамноправно вклучување на сите вработени во креирање на целите, начелата и вредностите на установата.<br>-Спроведување на анкетен прашалник за самовреднување. |

| **Анализа на подрачје 8- ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ОД НАСИЛСТВО** | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Теми** |
| -Улогата на Установата во Заштитата на децата од насилство | - Препознавање на насилство околу нас. |
| | - Можности и предизвици за превенција од насилство |

| | |
|---|---|
| | - Можности за заштита од насилство |
| **Констатирани силни страни** | **Констатирани слаби страни** |
| - Постои одредена соработка со ЦСР за размена на информации во врска со насилството. | -Немаме доволно информации за однесувањето на родителите во семејни услови. |
| - Можноста за едукација за заштита од насилство добиваме од медиумите и социјалните мрежи. | -Немаме правилник за постапување при насилство. |
| -Постојан стручен надзор од страна на психолог за препознавање и контрола на агресивното однесување на децата. | -Установата нема камери и систем на обезбедување. |
| | -Недостаток на информации за тоа – Што е насилство и заштита од насилството. |
| | -Соработката со ЦСР (центар за социјални работи) не е доволна. |
| | -Едукација во смисла на семинари и обуки за заштита од насилство е минимална. |
| **Препораки за надминување на воочени слаби страни:** | -Користење на техники за препознавање на насилство во секојдневните активности со децата (имитирање на ситуации, ликовно изразување и др.).<br>-Почесто спроведување на анкетни прашалници за родителите за однесувањето кон децата.<br>-Користење на правилник за правилно постапување и заштита при насилство.<br>-Да се направат напори да се набават камери и систем на обезбедување.<br>-Соработка со невладини организации и центри кои имаат надлежности за спречување и борба против насилство.<br>-Организирање на едукативни трибини за родителите од страна на стручните служби (ЦСР, МВР).<br>-Проширување на соработката со ЦСР, преку размена на информации за интервенции и мерки спрема родителите. |

| | |
|---|---|
| | -Посета на семинари и обуки на тема Насилство. |

***Предности и слабости дефинирани врз основа на анкетата на родителите***

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ– области за подобрување |
|---|---|
| • Програмите и плановите на градинката ги исполнуваат потребите и интересите на децата и родителите, а содржините за активностите со децата се стимулативни и креативни.<br><br>• Градинката е важна детето да е згрижено, во неа стекнува културно-хигиенски навики, развива знаења и вештини, се осамостојува се воспитува на добро однесување и негува вредности, но и учествува во разни програмски активности.<br><br>• Постои позитивна клима за соработка со родителите во интерес на почитување на правилата на Установата за навремено доаѓање во градинка, навремено плаќање на партиципација, изолирање на детето кога е болно во домашни услови.<br><br>• Родителите се чувствуваат задоволно, сигурно, добредојдено, ценето, почитувано и активно. | • Поради немање на фискултурна сала децата не се доволно физички активни.<br><br>• Родителите не пројавуваат интерес за индивидуално консултирање со стручно развојните служби.<br><br>• Просторните услови со кои располага установата во целост не ги задоволуваат потребите на децата (немаат трапезарија, фискултурна сала, музички кабинет и сл.).<br><br>• Во воспитно-образовната работа многу малку се реализираат активности со цел за спречување на насилно и агресивно однесување. |

# *РЕСУРСИ НА УСТАНОВАТА*

## **3.1.** ВНАТРЕШНИРЕСУРСИ

- ДЕЦА:

| ред. бр. | Назив на објект | проектиран капацитет | сегашен капацитет | до 2 години | 2 години до поаѓање на училиште | деца од 12 месеци до поаѓање во училиште | комбинирани групи | деца од 6 до 10 години | ВКУПНО 4+5+6+7+8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **1** | **ОЈУДГ 7 Септември-Пехчево** | **93** | **93** | **4** | **81** | | | | **85** |
| **2** | **с.Робово** | | | | **5** | | | | **5** |
| **3** | **с.Панчарево** | | | | **3** | | | | **3** |
| **4** | **с.Чифлик** | | | | **10** | | | | **10** |
| **5** | **с.Црник** | | | | **19** | | | | **19** |

- ВРАБОТЕНИ:

| Р.бр. | Профил на експертиза на вработените | Број на вработени |
|---|---|---|
| 1. | ДИРЕКТОР | 1 |
| 2. | ПСИХОЛОГ | 1 |
| | СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ | 2 |
| | ВОСПИТУВАЧИ | 8 |
| | НЕГОВАТЕЛИ | 10 |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | ПОМЛАТ СОРАБОТНИК - СМЕТКОВОДИТЕЛ | 1 |
| 4. | ПОМЛАД РЕФЕРЕНТ - АДМИНИСТРАТОР | 1 |
| 5. | ГОТВАЧ | 2 |
| 6. | ХАУС МАЈСТОР | 1 |
| 7. | ХИГИЕНИЧАР | 2 |
| 8. | МАГАЦИОНЕР | 1 |
| 9. | САДОМИЈАЧ | 1 |

***Структурана вработени спрема степенот на стручна спрема:***

| ВСС VIIстепен | ВШП VI степен | ССС | | | I,IIстепен |
|---|---|---|---|---|---|
| | | IIIстепен | IVстепен | Vстепен | |
| 13 | | 2 | 13 | | 3 |
| | | | | | |
| | | | | | |

## *Проекти во соработка со останати организации и институции*

- "Инклузија на деца Роми" во Јавните Општински Установи за деца во РМ.
- "Бон-тон за деца" од МТСП.
- "Градот низ детските очи" од МТСП
- ″Моја хигиена, моја навика″ од МТСП
- ″Рециклирање со имагинација″ од МТСП
- ″Семејство и семејните вредности″ од МТСП
- ″Градини во детските градинки″ од МТСП
- ″Почитување на различноститиᅟ и мултикултурализам во раниот детски развој″ од МТСП
- Хуманитарно-едукативен проект "Од дете за дете" од МТСП.
- Програмата "Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем" во соработка со здружение ОХО.
- Програма "Едукација на децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца со процесот на одгледување и консумирање на здрава храна".

***Упатства по препорака од МТСП***

- Традиционални игри
- Здрави животни навики

- Спорт и спортски активности

### *Специфичности на установата во поглед на стручното усовршување*

Според Законот за заштита на децата и Правилникот за систематизација и организација на работни места во ОЈУДГ "7 Септември" вработените во установата треба да поседуваат соодветно образование и важечки лиценци за тоа работно место, а директорот да има посетено обука за директори и важечка лиценца.

Вработените редовно посетуваат семинари за нивно стручно усовршување кои се организирани од МТСП, КДС, ОРМ, УНИЦЕФ, Економско-правен консалтинг и др.

Стручните тела во установата редовно-месечно или почесто по потреба одржуваат стручни состаноци за тековни работи.

## *ОБЈЕКТИ*

### *Објекти за деца*

| Назив на објектот | Број | Капацитет | | Површина на објектот | Површина на дворно | Адреса |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Бр.гр. | Бр. деца | | | |
| 7 Септември | 1 | 5 | 85 | 2389 $м^2$ | 1849 $м^2$ | Даме Груев Бр.3 |
| | | | | | | |

### *Број на работни соби во објектите на установата за деца:*

| Назив на објектот | Бр. на работни соби за групата јасли | Бр. на работни соби за воспитни групи | Вкупен број на работни соби |
|---|---|---|---|
| 7 Септември | 1 | 4 | 5 |
| | | | |

| Назив на објектот | Број на работни соби | Површина на просторот |
|---|---|---|
| 7 Септември | 5 | 30 $м^2$ |
| | | |

ОПРЕМЕНОСТ НА УСТАНОВАТА ЗА ДЕЦА

Детски столчиња, детски маси,  детски креветчиња, шкафови, ТВ приемнни ДВД плеер, ЦД плеер, компјутер, фотокопир, принтер;

СОСТОЈБА НА ОПРЕМЕНОСТ НА РАБОТНИТЕ СОБИ КАДЕ СЕ ВРШИ ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ НА ДЕЦА

Играчки и дидактички материјали за Рано учење: Сликовници, конструктивни играчки, прирачници, слагалки, подвижни лизгалки и сл.

ОБЈЕКТИ ЗА ПРИПРЕМА НА ХРАНА**:**

| Назив на објект | Број | Повр. | Капацитет | | | Адреса |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | појадок | ужина | ручек | |
| ОЈУДГ „ 7 Септември“ | 1 | 40м$^2$ | 93 | 93 | 93 | Ул. Даме Груев бр.3 |

***МИСИЈА***

***7 - ДОБИВКА Е НАША***

***С****реќно и безгрижно детство*

***Е****моции на љубов и добрина*

***П****ромовираме вредности на квалитет*

***Т****емел на здрава и квалитетна иднина*

***Е****дукација на сите нас*

***М****ногу игри, песни и доживувања*

***В****оспитуваме**,** негуваме, образуваме*

***Р****аботни навики стекнуваме*

***И*** *креативност и современи трендови почитуваме, со тоа слобода во изразување поттикнуваме*

***МОТО: Организиран современ детски живот.***

## *ВИЗИЈА*

***Организиран сремен детски живот во принципите нашата градинка и во иднина ќе ги следи и спроведува принципите на усовршување на Ран Детски Развој како основа на нашиот професионален успех. Продолжуваме со креирање на курикулум, соработка со родитлите, со пошироката заедница, локалната самоуправа. Ќе ги развиваме и унапредуваме современите трендови на воспитно-образовниот систем.***

- ***<u>МРЕЖА НА ПОДРУЖНИЦИ</u>***

1. **Група во с. Робово**
2. **Група во с.Чифлик**
3. **Група во с. Панчарево**
4. **Група во с. Црник**

- ***<u>ФИНАНСИСКИРЕСУРСИ:</u>***

1. **Самофинансирачка сметка: 754010223278710**
2. **Буџетска сметка: 754010223290314**
3. **Донаторска сметка -Проект: Инклузија на деца роми: 754010223278512**

### ***<u>ПОТРЕБА И ПРИОРИТЕТИ</u>***

- Обезбедување на стручна литература според современите трендови за воспитание и образование.
- Компјутер за секоја воспитувачка
- Доградба на трпезарија помошни простории и нивно уредување.
- Развивање на толеранцијата, одговорностите и меѓусебната доверба на сите вработени, соработка и почитување на личноста на другите
- Обезбедување на посебен простор, за физички активности на децата со сите потребни риквизити за здрав раст и развој на децата.
- Обезбедување на заштитен простор пред влезовите на градинката
- Развивање на соработката со родителите(зголемување на бројот на родителски средби и елекронска комуникација со родителите)

- Стручно надградување на персоналот според најновите трендови
- Воведување на програми и индикатори за потенцијалите на секое дете и навремено откривање на талент кој понатаму ќе се развива
- Организирање на заеднички активности, екскурзии, дружење и слично.
- Унапредување на односите со општествената заедница.
- Активно учество на родителите во воспитувањето на децата (педагошко-психолошко) здраствено усовршување на родителите.
- Почитување на иницијативите на децата.
- Ненасилно решавање на конфликтите.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за усвојување на програмата за работа и развој на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2019 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на програмата за работа и развој на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2019 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на петнаесетата седница одржана на ден 24.12.2018 година.

Бр. 09-1652/15
24.12.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 24.12.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на програмата за работа и развој на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за 2019 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Програмата за работа и развој на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2019 година.

**Член 2**

Програмата за работа и развој на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2019 година бр. 01-541/1 од 06.12.2018 година е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1643/1
24.12.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

JAВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОМУНАЛЕЦ
Бр 01-541/1
06.12.2018 год
ПЕХЧЕВО

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ

# НА

# ЈКП,, КОМУНАЛЕЦ''- ПЕХЧЕВО

## за 2019 година

Пехчево Декември,2018г.

ЈКП Комуналец е претпријатие основано од страна  на Општина Пехчево за  вршење на дејности од комуналната  област  од јавен интерес, а кој е незаменлив  услов за живот и работа на граѓаните на територијата на Општина  Пехчево.

## Основни дејности на ЈКП Комуналец  се :

1. Снабдување ,пречистување и дистрибуција на водата за пиење;
2. Одржување на комплетната водоводна мрежа во Пехчево и околните села Чифлик,Робово,Умлена,Негрево;
3. Одржување на канализационата мрежа во Пехчево,с.Умлена и Робово,
4. Одржување на градското зеленило и паркови во Пехчево;
5. Одржување на градското пазариште;
6. Одржување  на улична расвета;
7. Собирање и депонирање на смет од физички и правни лица во Пехчево,Чифлик,Умлена,Робово,Негрево,Панчарево и Црник ;
8. Одржување на депонијата;
9. Одржување на јавната чистота;
10. Одржување на градските гробишта ;
11. Зимско одржување  односно чистење на снег и мраз во зимски услови на територијата на Општина Пехчево и селата.

ЈКП Комуналец функционално ги извршува сите активности во своето тековно работење на динамички и финансиски план.
Техничките  одделенија се носители на главните активности на претпријатието кои се наведени погоре.
Работата на овие одделенија е обемна и ги опфаќа сите технички активности на јавното претпријатие ,а ги има следниве  одделенија :

- Одделение за водовод и канализација
- Одделение за собирање  и депонирање  на отпад,одржување на парковите   и зеленилата  и градски гробишта,
- Одделение за филтрирање на водата за пиење.

Секое одделение има раководител кој врши надзор над своите вработени  и за тековната работа и проблемите кои настануваат при извршувањето на работите го известува Директорот и одговара за сите активности настанати во текот на тековното работење.
Финансиското работење  ќе биде проследено во одделение за сметководство  и правни работи.
Одделението за сметководство и правни работи ги извршува сите активности поврзани со финансиските активности  од внесување на читаните состојби на водомери во куќните приклучоци,  печатење на сметки за потрошена вода, наплата на сметки за вода и комунални услуги, изготвување на фактури за правните лица корисници на вода и комунални услуги, директен контакт со корисниците  за сите потреби кои јавното претпријатие може да ги реализира преку својата дејност, активностите поврзани со правниот статус  и организацијата на претпријатието, како и регулирање  на статусот на вработените .И  финансиското  одделение  има свој

раководител кој ја контролира и регулира работата на вработените во тоа одделение.Во реализација ќе биде и планот на раздолжување на обврските на јавното претпријатие од понатамошното работење и изнаоѓање на потребната целосна документација за легализација на возниот парк на претпријатието, а воедно и нивно редовно регистрирање.

## 1.Снабдување со вода за пиење

Под системот на водоснабдување на населението со секогаш хигиенски исправна вода за пиење се подразбира збир на хидротехнички објекти и постројки за зафаќање на вода за пиење – извори, тиролски захвати, постројки за кондиционирање на водата (фабрики за преработка на вода и дезинфекција, водоводна мрежа и сл.)и дистрибуција на истата до домаќинствата и правните лица.
Во следната година во план е приклучување на изградениот таложник пред филтер станицата за избистрување т.е. третман на заматена вода после обилни врнежи.
Во оваа година како приоритет на населението на Општината се гласаше и се изгласа како главен приоритет да биде Филтер станицата и приклучувањето на Таложникот во Пехчево.Заедно со невладината организација Амброзија,Општина Пехчево и ЈКП Комуналец со заеднички напори ќе стави крај на проблемот со водата за пиење на Општината.
Во моментот се приклучуваат и ќе продолжат да се поставуваат водомери на сите диви приклучоци.

## 2. Одржување на водоводната мрежа во општината

ЈКП Комуналец ја има должноста за одржување на водоводната мрежа кој е составен дел на водоводниот систем.Водоводната мрежа ја сочинува системот на цевоводот за транспорт и дистрибуција на сирова и преработена вода, која се протега од зафатените градби или уредите за пречистување, па се до крајните корисници на вода, заедно со соодветните арматури, објектите и уредите на нив.
За одржување на цевоводите според техничките прописи се вградуваат воздушни вентили,испусти,мерни уреди,кој со предвидената динамика ќе се вградуваат во тековните години.
Добро одржување на водоводната мрежа подразбира многу активности на планот на обезбедување на уредна и непрекината испорака на вода и тоа со постојан режим на снабдување (одреден притисок со мрежата и гарантиран квалитет на водата).
За да бидат остварени овие принципи треба да се настојува следното:

- Цевоводите со соодветните арматури, објекти, уредите и стамбените приклучоци постојано да се одржуваат во исправна состојба.
- Редовно ( 2 пати месечно ) испитување во Јавна Здравствена Установа и анализа на целокупната водоводна мрежа заради одржување.
- Брзо и организирано отстранување на настанатите дефекти;
- Годишна севкупна задолжителна анализа ( радиолошки и хемиски ) од ЈЗУ Скопје;

- Планско работење и испитување на причините за загубите на вода и нивно намалување,а воедно и изнаоѓање на средства за промена на примарната водоводна мрежа на делот кај Булеварот.
- Секојдневно сопствено испитување на испорачаната вода,и набавка на опрема за третирање на сировата вода во Филтер станицата.
- Поставување на хидранти за заштита на имотот на физичките лица (куќи,помошни објекти и др.) од пожари. Може да послужи и за чистење и плакнење на улиците од остатоци од временски непогоди.Хидранти може де се постават и во селата во општина Пехчево на клучни места и во близина на јавни објекти ( школи,градинки и др.)
- Новата туристичка населба Равна река има потреба од проектирана водоводна мрежа која ќе се направи за да ги задоволи потребите на плацовите за изградба на викендици кои се моментално на продажба.
- Во новата туристичка населба Равна река се поставува канализациона мрежа а во план е и реализирањето на водоводната мрежа.

## 3.Одржување на канализационата мрежа

Под одржување на канализационен систем на градот Пехчево , се подразбираат следните активности:

- Следење и одржување на изградениот фекален и атмосферски канализационен систем.Во Пехчево постојат два канализациони колектори , лев и десен кои се релативно нови.Во најголем процент кај индивидуалните приклучоци цевките се ПВЦ, помалку полиетилен и најмал број на азбест – бетонски цевки.

  Во понатамошно реализирање ќе се опфане целосна замена на канализационите цевки со ПВЦ цевки;

- Одржување во исправна состојба на ревизиони шахти и сливници кои служат за прифаќање на атмосферски води;

- Вршење на интервенции со рачен алат,сајли и пумпа под притисок;

- Увид на лице место за определување на услови за изведба на приклучоците како и нивно усогласување со другите подземни инсталации и објекти;

- Изготвување пресметки за наплата од граѓани и правни лица за извршените услуги при реализација на приклучоците;

- Приклучување на правни и индивидуални објекти на канализационата мрежа во фаза од прво сознание за потреба од приклучување до фаза на изведување на приклучок.

Целокупното градско подрачје кое е опфатено со канализација се проверува и санира барем најмалку еднаш годишно,покрај редовни санации и чистења кога ќе се јави потреба.

Изградена е канализационата мрежа во с.Чифлик, с.Робово и дел од с. Умлена во која ќе треба да се приклучат граѓаните кои не се приклучени,а воедно со наше одржување да функционира истата.Со координација со Општината ќе се одржуваат на локалните патишта во нашата општина. Потоа поправка на веќе дотраените решетки преку улиците и изработка на нови во зависност од потребите.Во с.Црник прочистителната станица за отпадни води во моментот прочистува физички а треба да се докомплетира во втора фаза за да може да прочистува хемиски и бактериолошки. За заштита на изворите на реката Брегалница во туристичката населба Равна река во тек е изградба на канализациона мрежа која ќе ги опфати сите викендици и други објекти.

При одржување на фекалната канализација ЈКП Комуналец се има соочено со голем број неправилности и потешкотии од различна природа како:

- Депонирање на различенградежен материјал врз ревизионите шахти и уличните сливници;
- Неправилно (диво) вклучување на фекалната канализација;
- Недозволено фрлање на разни предмети во канализационата мрежа како:пепел,песок,крпи,отпаден материјал од казаници,зимница,камења и сл;
- Оштетување на капаци од ревизиони шахти;
- Оштетување на решетки од улични сливници.

А одведување на отпадни и атмосферски води ги опфаќаат следните активности:

- Фекалниот канализационен систем со кој се одведуваат отпадните води од домаќинствата,индустријата и др.претпријатија и јавни установи;
- Атмосферскиот канализационен систем во централното градско подрачје со кој се одведуваат атмосферските води од територијата на Пехчево во природните реципиенти и отворени канали.Во тек се преговорите за изнаоѓање на проекти за раздвојување на фекалната и атмосферската отпадна вода а со тоа и ќе се реши проблемот со прочистителната станица на отпадни води.
- Одржување во исправна состојба на ревизиони шахти и сливници кои служат за прифаќање на атмосферски води;
- Вршење на интервенции со рачен алат,сајли,чекреци,пумпа под притисок;
- Увид на лице место за определување на услови за изведба на приклучоците како и нивно усогласување со другите подземни инсталации и објекти;
- Изготвување пресметки за наплата од граѓани и правни лица за извршените услуги при реализација на приклучоците.

## 4.Одржување на градско зеленило и паркови

Одржувањето на градското зеленило и парковите потребно е да продолжи со ист интензитет и динамика.Во одредени делови од градот ќе се прошири и подобри зеленилото ќе се посадат украсни дрвца,жива ограда на влезот на Пехчево со

заеднички интереси со Општината.Некои зеленила во градот се оштетувани од добитокот и несовесни граѓани на кои ќе се постави ограда за да бидат заштитени.Во план е и понатамошно зголемување и создавање на нови зелени површини и садење на дрвца во градот.
Интензитетот на извршување  на предвидените работи ( кроење на дрвца,полевање, откосување,чистење) календарот и динамиката на извршување,како и потребниот број на извршители зависи од финансиските средства потребни за реализација на програмата и заедничката соработка со Општината.
Начинот и интензитетот  на одржување  се менливи елементи кои се во корелација со климатските услови.
Задолжен субјект за извршување на активностите  предложени со оваа програма е ЈКП Комуналец,но  претходно е потребно да се склучи договор со Општина Пехчево.Надзор над извршувањето на програмата,согласно Одлука за комунален ред на Општина Пехчево,врши градски орган за комунални работи.

## 5.Одржување на градско пазариште

Градското пазариште е од јавен интерес за граѓаните на Општина Пехчево.Просторот кој е од времен карактер е тешок за оградување.ЈКП Комуналец стопанисува со Градското пазариште заради квалитетно и организирано вршење на дејноста управување со пазар.
За одржување на пазарот ЈКП наплаќа соодветен надоместок за користење на тезги и полиња со склучување на договори со трговците,кое е предвидено со закон.Освен за тезги и полиња      на корисниците им наплаќаме и месечни резервации.
Градскиот пазар е едно од клучните јавни места на кои се собираат многу луѓе па затоа е потребно поставување на поголем број контејнери за одпадоци кои ќе ги задоволат потребите од собирање на смет по завршување на пазарот.За подобрување и одржување на хигиената на градскиот пазар потребно е поставување на еден хидрант за перење на пазарниот простор со вода.Потребна е реконструкција на градските јавни веција и пуштање во употреба. За потребите на пазарот се направени  неколку нови тезги но и одржување на старите.А во план е и изработка и поставување на нови и современи тезги.

## 6.Одржување на улична расвета

Со склучување на договор меѓу Општина Пехчево и ЈКП Комуналец, претпријатието е обврзано за оодржување на улична расвета.Во договорот е обврзана Општината  за набавка на сијалици и други соодветни материјали,а оперативниот дел, т.е вградување на истите и замена е обврска на ЈКП. ЈКП ќе работи согласно со програмата на Општина Пехчево.
Украсувањето за Новогодишните  празници го врши Општината со помош на ЈКП Комуналец.

## 7.Собирање и депонирање на сметот

ЈКП Комуналец е претпријатие кое со законска регулатива управува во областа за управување на одпад за почиста животна средина.Целокупниот собран комунален отпад од домаќинствата правни субјекти и јавни површини со специјално возило прилагодено за таа намена се транспортира и депонира на депонијата за комунален отпад.Во план ќе биде со претходна анализа и обезбедување на парични средства да се подобри собирањето на сметот со што би се набавиле и други садови за селекција на одпадот од 2 или 3 сада посебно за фрлање на пластика,хатрија и слично.Исто така да се реазилира и дополнување на садови за смет и во селските населби с.Чифлик,с.Робово,с.Умлена,с.Негрево,с.Панчарево и с.Црник.И според потребите во план е набавка на уште едно возило за собирање на смет како би се подобрила ефикасноста и чистотата на урбаните средини.

## 8.Одржување на депонијата

Одржувањето на депонијата на јавното претпријатие е обврска која со оградување и равнење на влезот за подобар пристап на камионот за смет и воведување на стражарска служба ќе биде под надзор на вработените во претпријатието.Во депонијата се врши порамнување на отпадот со ровокопач кое континуирано продолжува и понатаму.Со обезбедување на парични средства земјиштето на депонијата за складирање на комунален отпад, ќе се урбанизира за да може да се изградат објекти и настрешници за складирање на опасен комунален отпад.Со пополнување на одредени делови на депонијата со смет до одредената кота ќе се изврши култивирање на теренот и засадување со зеленило и дрвца се со цел зачувување на животната средина.Со обезбедување на парични средства,преку ЕУ фондовите преку Источно- планскиот регион,земјиштето на депонијата за складирање на комунален отпад ќе се урбанизира,за да може да се изградат објекти и настрешници за селектирање и складирање на опасен комунален отпад,потоа да се обезбеди вода од градскиот водовод и струја.Ќе се заврши оградувањето на целокупниот простор на депонијата со поцинкована мрежа и после тоа да се бара дозвола за складирање на комунален отпад.За складирање на градежен шут е определено место викано ,,Елата”,поранешен рудник за глина, а сега затворен кој се наоѓа во близина на градот и има приоден пат.За оваа парцела е планирано да се огради согласно со стандардите што ги предвидува законот,цена за складирање е одредена,и истата може да се стави во функција.

## 9.Одржување на јавната чистота

Одржувањето на јавната чистота е еден од важните фактори на јавното комунално претпријатие.Во централното подрачие на Општината одржувањето на хигиената се врши рачно со метење и празнење на уличните корпи за отпад.А во план е редовно плакнење или миење на улиците во централното градско подрачје.Доколку се обезбедат финансиски средства ќе се набави машина за механичко метење на улиците.

Динамиката на извршување на активностите за чистење на јавните сообраќајни површини може да се зголеми во зависност од временските непогоди и во зимски периоди при поголеми врнежи на снег и појава на мраз.Повремени работи од

чистењето на јавните површини може да се јави со барање до нашите служби на претпријатието и тоа на барање на општинските органи во случај на јавни манифестации,за време на државни празници,по барање на инспекциски служби и др.

## 10.Одржување на градските гробишта

Сегашен управител на градските гробишта во Општина Пехчево е ЈКП Комуналец, а законот предвидува и во иднина и управување со селските гробишта .Јавното претпријатие ги врши сл. услуги:доделување на гробни места,поставување на цокла на секое гробно место во новиот дел,одржување на гробиштата, издавање на одобренија за погреб,водење дневник и регистар на погребани лица.
Во план е поставување на уште една чешма за потребите на граѓаните на градските гробишта,и канти за ѓубре.Во 2019 година ќе се заврши урбанизирање и оградување на новиот дел на гробиштата, а во тек е парцелизација, т.е. обележување на гробни парцели и патеки.
Уредување на двата влеза на гратските гробишта со бекатон плочки.

## 11.Зимско одржување

ЈКП Комуналец и Општина Пехчево веќе имаат склучено договор за зимската сезона за чистење на снег.Во договорот се предвидени,видот и обемот на работите кои треба да се извршат,финансиските средства,временските рокови за извршување на работите,како и динамиката и начинот на чистењето и одржувањето на улиците и локалните патишта во Општината,во зимски услови за претстојната 2018/2019 година.
Зимското одржување на ЈКП Комуналец ќе продолжи со истата динамика како и претходните години.Моменталната механизација е доволна за целосно обслужување на сите улици во општината и селата.Одговорните работници во ЈКП со дежурства вршат потребни контакти со сите одговорни субјекти, за добро спроведување на работата.Набавката на сол, песок и ризла е од Општината. За поголема безбедност на граѓаните кои се движат по тротоарите потребно е набавка на барем една мала рачна машина за чистење на снег по тротоарите.
Оспособувањето на улиците ќе се врши во зависност од временските услови и тоа:

- Состојба на присуство на снежни врнежи до 20 см.(прва состојба на готовност),
- Состојба на снежни врнежи над 20 см (втора состојба на готовност).

Финансирањето на активностите предвидени со оваа програма ќе се вршат со средства предвидени во Буџетот на Општина Пехчево.
Цените за чистење на снегот во зимските услови се утврдени во договорот склучен од Општината и ЈКП Комуналец.А вкупниот број на интервенции за расчистување на снегот и мразот од улиците,тротоарите во оваа зимска сезона ќе зависи од обемот на снежни врнежи,и соодветно ќе биде утврден бројот на интервенции.
Декември, 2018 г

ЈКП,, Комуналец “- Пехчево
Вд. Директор
Горан Ајтарски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за усвојување на финансиски план на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2019 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на финансиски план на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2019 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на петнаесетата седница одржана на ден 24.12.2018 година.

Бр. 09-1652/16 Градоначалник на
24.12.2018 год. Општина Пехчево
Пехчево Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 24.12.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Финансиски план на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2019 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува Финансискиот план на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2019 година.

**Член 2**

Финансискиот план на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2019 година бр. 05-568/1 од 14.12.2018 година е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1644/1 Совет на општина Пехчево
24.12.2018 година Претседател
Пехчево Николчо Јовчев с.р

---

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛЕЦ
Бр 05-568/1
14.12.2018 год
ПЕХЧЕВО

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН 2019 ГОДИНА
# ЈКП „КОМУНАЛЕЦ" – ПЕХЧЕВО

## 1. ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ

1.Приходи од нови приклучоци и обновување на стари............................200 000
2.Приходи од граѓани по основ на вода и канализација......................... 6 000 000
3.Приход од правни лица по основ вода и канализација.........................3 500 000
4.Приходи од ѓубре од физички лица........................................................2 000 000
5.Приход од ѓубре правни лица ..................................................................1 050 000
6,Приход од одржување на гробишта..........................................................672 000
7.Пазаришна такса и резервации..................................................................350 000
8.Прих.од граѓани за извршени услуги за водовод и канализација.............70 000
9.Приход од градежни машини......................................................................550 000
10.Чистење на тротоари и други јавни површини (јавна чистота)..............450 000
11.Улично – услуга...........................................................................................300 000
12.Приходи од наплата на стар долг поради отужување и судење.........1 500 000
13. Приходи од зимско одржување ..............................................................300 000
14, Приход од наплата на адвокатски и нотарски трошоци ........................100 000
15. Приход од канализација с.Робово, с.Умлена и с.Чифлик......................215 000

**Вкупно планирани приходи = 17 257 000 .00**

## 2. ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ

### Трошоци за набавка на материјали

1.Канцелариски матерјали..............................................................................50 000
2.Резервни делови и поправка на возила...................................................450 000
3.Трошоци за обештетување..........................................................................200 000
4.Резервни делови за водовод и канализација...........................................500 000
5.Набавка на хлор.............................................................................................200 000
6.Алуминиум сулфат...........................................................................................40 000
7.Вар......................................................................................................................10 000
8.Кварцен песок....................................................................................................50 000

**Вкупно =1 500 000,00**

### Трошоци за енергија

1.Електрична енергија......................................................................................600 000
2.Огревно дрво.......................................................................................................70 000
3.Нафта и бензин.............................................................................................1 200 000
4.Уље и сл.............................................................................................................100 000

**Вкупно = 1 970 000,00**

## Други трошоци

1.ПТТ услуги за наплата на сметки на вода од граѓани...............................
2.Трошоци за телефон..........................................................................50 000
3.Трошоци за интернет услуги................................................................50 000
4. ХТЗ опрема.........................................................................................12 000
5.Лица кои вршат услуги за ЈКП Комуналец.............................................160 000
6.Трошоци за испитување и анализа на вода..........................................30 000
